Врз основа на член 37 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 178/2021 и 58/2024), член 64, член 65 и член 66 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член 44 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„ Скопје, а во врска со член 17 од Статутт на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет, деканот на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” проф. д-р Ќиро Ивановски, на ден 30.10.2024 година ја донесе следнава

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 10-2672/1
30.10 2024 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

За распишување избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје и именување на Изборна комисија

**Член 1**

Се распишуваат избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје со мандат од една година и со право на уште еден избор.

**Член 2**

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје **ќе се одржат на ден 4.12.2024** година(среда).

**Член 3**

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје ќе се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во зимскиот семестар од учебната 2024/25 година.

**Член 4**

Се именува изборна комисија за спроведување на избори за членови и претседател на факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје во следниот состав:

1. Ребека Јовановска – студент претседател ;
2. Каролина Петровска – студент
3. Наталиа Пеовска – студент
4. Проф.д-р Едвард Јанев - член
5. Проф.д-р Наташа Ставрева - член

**Член 5**

Се задолжува Изборната комисија да работи согласно Статутот на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје и согласно Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

***Доставено до***: Комисијата; архивата на ФФС-СФ ; архивата на Факултетот

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски**

Изготвил: Сандра Кироска
Одобрил: Нас.доц. д-р Влатко Коколански, секретар

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ